РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-4742/2
19-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67 та седница одржана на - 13.05.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси заведена под број 09-4742/1 од 09.05.2022 година, против ---------, обвинител во Основно јавно обвинителство -----------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во конкретниот предмет, односно надлежен за постапување е Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 09.05.2022 година, поднесена е пријава за постоење на сомневање за постоење на судир на интереси на ----------, обвинител во Основно јавно обвинителство за ------------, и оформен е предмет број 09-4742/1 од 09.05.2022 година.

Во пријавата е наведено дека од страна на ---------- до ОЈО за -----------, против ----------, обвинител на ОЈО за -----------, е поднесена кривична пријава за сторени повеќе кривични дела во предметот -------------.

Понатаму, ------------ на РСМ имало сознанија дека во ОЈО за ---------, се води постапка околу имотот на ----------- и стечајот на ---------, и поради постоење на сомневање за постоење на судир на интереси, како и од моментот на превземање на дејствија од ----------, според истиот, обвинителот ----------- ги прибавувал сите предмети, меѓу кои и стечајниот предмет, по што ---------, смета дека постои опасност ова лице, користејќи ја својата функција да ја доведе во опасност целата постапка која е отворена против него и бара веднаш да биде суспендиран од неговата положба, до завршување на целокупната постапка.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК утврди дека во конкретниот случај не се работи за состојба на судир на интереси, во смисла на член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси:

***(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.***

Во конкретниот случај, не се работи за ситуација во која постапува Јавниот обвинител против кого е поднесена пријавата, поради што и не може да се примени горецитираната одредба.

Дополнително, по однос на барањето на -------------- за суспензија на обвинителот, согласно член 81 став 3 од Законот за јавно обвинителство:

***(3) Одлука за оддалечување од вршењето на јавнообвинителската функција во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член донесува Јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Одлуката мора да содржи образложение на причините за оддалечување од вршењето на јавнообвинителската функција.***

Од наведеното произлегува дека основаноста на барањето за суспензија-оддалечување од вршење на јавнообвинителската функција ја цени Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, кој донесува одлука за истото.

На 67та седница, по разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно надлежен за постапување во конкретниот случај е Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК,
Изготвил: С.М –советник
Контролирал: К. З – Раководител
Одобрил: м-р Ш.С – Член на ДКСК